Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-38/3
24.9.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 11/2025
за набавка на услуги за изработка на визуелни продукти

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR) има потреба од **услуги за изработка на визуелни продукти**, кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на активностите:
   - Изработка на едно анимирано видео и
   - Подготовка на дизајн за 3 памфлети.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 11/2025.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од **октомври 2025 до март 2026.**

4. ИЧП ќе склучи договор со избраниот понудувач за реализација на услугите наведени во овој повик.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот повик. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
За правни лица:
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

За физички лица:
- Биографија и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

6. Изборот на понудувачот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Искуство	60
Вкупно бодови	**60**

Финансиска евалуација	Максимум можни бодови
Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараните продукти.

8. Начин на доставување на апликацијата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **3.10.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **1.10.2025 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права